**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ**

# КРАТКА ИНФОРМАЦИЈА ЗА УПАТСТВОТО ЗА ПРИМЕНА НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС ВО ШКОТСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

Етичкиот кодекс на членовите на шкотскиот Парламент[1] ги поставува стандардите на однесување на членовите на Парламентот на Шкотска, а кое е поврзано со нивните должности како пратеници. Секој член на Парламентот е должен да ги знае и да се придржува до правилата воспоставени со Кодексот. Непочитувањето на одредбите може да доведе до санкционирање на пратениците[2]. Некои активности на пратениците не се покриени со Кодексот и тие се однесуваат на приватниот и семејниот живот на членовите на Парламентот, искажувањето на нивните политички ставови (како членови на политичка партија или организација). Кодескот не се применува врз членовите на Парламентот кои се воедно и министри, кога учествуваат во работата на Парламентот како членови на Влада. Доколку член на Парламентот не е сигурен во однос на тоа како треба да се однесува или што треба да направи согласно определено правило или одредба, треба да се посоветува со правните советници внатре во Парламентот, како и со други професионалци во врска со прашања од други области (финансии на пример). Кодексот има **и Упатство за користење**[3], изработено од страна на Изборната комисија со цел појаснување на поимите, постапките и примената на одредбите од Кодексот. Упатството е напишано во второ лице множина, односно со директно обраќање кон пратениците.

Во однос на правилата кои се однесуваат на **подароци, донации и заеми**, одредбите од Кодексот се применуваат врз и се опфатени само оние на кои им се нудат истите односно членовите на Парламентот, а кои се поврзани со нивните политичките активности. Во Уптатството дадено е објаснување и прикажани се примери за тоа што претставува односно не претставува политичка активност. Најчести примери за политички активности се: спроведување на истражување за одредена политика заради промоција во Парламентот, одржување на настан во изборната единица или регион за определено прашање или политика, посета на друга држава заради подобро разбирање на тамошната политика, сите активности поврзани со работата на Парламентот. Понатаму, Законот за политички партии, избори и референдум содржи посебен концепт за спонзорство, според кој спонзорство кое надминува

[1] Кодекс за однесување на членовите на шкотскиот Парламент „THE CODE OF CONDUCT FOR MEMBERS OF THE SCOTTISH PARLIAMENT“; https://www.parliament.scot/Parliamentaryprocedureandguidance/CCEd07Rev01201904.pdf

[2] Официјална интернетска страна на шкотскиот Парламент; https://www.parliament.scot/msps/code-of-conduct-for-msps.aspx (пристапено на 17.10.2019)

[3] Упатство за Кодексот за однесување на членовите на шкотскиот Парламент „GUIDANCE ON THE CODE OF CONDUCT FOR MEMBERS OF THE SCOTTISH PARLIAMENT“; https://www.parliament.scot/Parliamentaryprocedureandguidance/CCEd07201708Guidance.pdf

вредност од 500 фунти мора да потекнува од дозволен извор. Исто така, спонзорство за политички активности над 1500 фунти мора да биде регистрирано. Од членовите на Парламентот се бара да дадат писмена изјава за потеклото на спонозорството односно подарокот. Како спонзорство се смета поддршка дадена на член на Парламент или било кое друго лице за потребите на пратеникот, за да тој може да исполни определена активност со точно дефиниран трошок, вклучувајќи ги тука и трошоците поврзани со: организирање на конференција, состанок или друг настан; подготовка, изработка и распределба на публикација од страна на пратеник; студија или истражување организирано од страна на пратеникот или за негови потреби. Одредени работи не се сметаат за спонзорство, но согласно Упатството треба да бидат регистрирани како подароци, како на пример: дополнителни надоместоци за конференции или други настани; куповната цена на публикациите и комерцијалната стапка за рекламирање во самите публикации.

Во поглед на **упатството за донациите** е наведено дека кога пратеник ќе прими донација во износ поголем од 500 фунти за политички активности, мора да биде сигурен дека знае кој е донаторот и дека донацијата потекнува од дозволен извор. Кога ќе ја прими донацијата, пратеникот има 30 дена да одлучи дали ќе ја задржи (односно дали ќе ја регистрира). Дадени се и прашања кои пратеникот би требало да си ги постави самиот на себе: дали е сигурен дека го знае потеклото на донацијата, дали донаторот е дозволен, ако има причина да се сомнева за потеклото на донацијата да ја врати назад на донаторот во рок од 30 дена од кога ја примил. Ако прими донација од извор кој не може да се идентификува (на пр. анонимна парична донација од 750 фунти) мора да ја врати или до лицето кое ја префрлило донацијата или до финансиската институција преку која донацијата е префрлена, а во случај да не може да го стори тоа, да ја испрати сумата до Изборната комисија. Освен ова, во Упатството се наведени примери за донации и заеми и целосно е дефинирано од кого може да се примат истите (на пример: физички лица регистрирани во избирачки список, компании, политички партии и сл.), и постојат комплетни правила за начинот на кој тие лица и компании се регистрирани.

Членовите на Парламентот треба да ги следат правилата на Кодексот и да бидат претпазливи кога се работи за каква било **понуда на гостопримство, подарок, услуга или друга придобивка**. Не им е забрането да прифатат гостопримство или скромни знаци на добра волја, посебно на места каде што одбивањето би можело да се протолкува како навреда, но сето тоа треба да биде разумно. Сепак, забрането е да се прифаќаат какви било понуди што би можеле да се сфатат како дејствување врз размислувањето и ставовите на членот на Парламентот во вршењето на неговите политички активности и должности.

Според Упатството, кога член на Парламентот има да изјави судир на интерес за некоја работа или прашање, задолжително треба да даде усна или писмена изјава и да се изјасни за природата на финансискиот интерес кој треба да се регистрира пред да стане дел од парламентарните постапки кои се поврзани со тоа прашање. Одговорноста за пријавување на интересот и почитување на одредбите од Кодексот е на членот на Парламентот. На пример, ако член на Парламентот кој има примено и регистрирано некаква добивка или надомест од определена компанија треба да даде изјава пред да почне да учествува во каква било парламентарна постапка/дебата поврзана со работата на таа компанија.

Истата обврска за усна изјава ја има и кога се работи за дебата во работните тела (комисии) и треба да даде усна изјава на почетокот од комисијата пред да се впушти во расправа. Доколку членот само присуствува или само гласа на комисијата, не е потребна усна изјава, посебно ако интересот е заведен во Регистарот, што се смета за доволно.

Шкотскиот парламент има **Шема на трошоци за надомест на пратениците**[4] и според неа член на Парламентот има право на надомест на трошоци кои се однесуваат на неговите/нејзините парламентарни должности, доколку поднесе барање и не е задоволен со веќе примената сума. Во поглед на трошоците за патувањата е наведено дека член на Парламентот има право на надомест на трошоците за патувањата: преземени за извршување на парламентарните должности внатре во Обединетото Кралство или во Брисел и Стразбур за состаноци со членовите на Европскиот парламент или претставници на институции од ЕУ. Тука спаѓаат и трошоците за патувања помеѓу места на кои пратеникот имал должности, како и престој и ноќевање. Ако на пратеникот му се плаќа кирија во Единбург, не му следуваат трошоци за патување од местото каде што престојува до Парламентот. Член на Парламентот има право на надомест за трошоците за патување во Шкотска на кое било лице од службата, волонтер или приправник кој бил поддршка на пратеникот во неговите должности. Ова право е ограничено на 74 патувања во тек на една финансиска година. Согласно Кодексот, пратеникот треба да пријави и да регистрира патување кое е надвор од државата. Ова пријавување не се однесува на посета и трошоци кои се целосно исплатени од страна на пратеникот, од страна на неговиот брачен другар, граѓански партнер или лице со кое живее, неговата мајка, татко, син, ќерка.

***Изработила: Ивана Арсовска Трајановиќ***

Одобрила и контролирала: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарниот институт,

________________________

м-р Златко Атанасов

***Скопје, октомври 2019***

[4] Шема на трошоци за надомест на пратениците „Reimbursement of Members' Expenses Scheme“; https://www.parliament.scot/Allowancesandexpensesresources/Members_Expenses_Scheme_without_text_of_the_resolution_for_website_v2.pdf